

**Саво Костадиновски**

На службата беше се собрале многу празникољупци, со богопочит и богољубие.

На највидното место во храмот се појави еден великодостојник, чиниш беше отелотворен во бог. Орнаментиката на одеждата беше како орнаментиката на внатрешнината на храмот. Во рацете ја држеше сликата на Буда во златна рамка, а пред себе прелистуваше свети списи. Оставаше впечаток на невластољубив човек. На луѓето им ги влеваше вербата, љубовта и надежта, како и насекаде во светот што прават духовните водачи. Богоглаголеше и сите ги возгордеа, дури и туристите кои не го разбираа. Имаше благонаклоност како вистински отец.

И ние дојденците му ја разбравме проповедта.

Ден потоа, нашиот водич н# одведе во еден голем будистички институт. За секого имаше по нешто интересно. Имаше делови за религија, езотерија и психологија. Имаше и одделение од Мајка Тереза, за хуманитарни цели. Нејзиниот портрет беше закачен на влезната врата во управата. Истиот портрет го видовме и во Њу Делхи.

Во просториите за учење на строгите религиозни ритуали по возраст беа распределени младите униформирани ученици. Тоа, всушност, беше будистичка школа. Наспроти нив беа просториите за психологија. Беа исполнети со луѓе кои во себе имаат посебни психолошки вештини и натприродна моќ. Меѓусебно се учеа на телепатија и парапсихологија. Тука се одржуваат и предавања за интуицијата и сродноста со инстинктот. Најмногу се задржавме во одделот за езотерија. Многу работи ни беа

познати и нам од Западот, но не во ваква изворна традиција. Дознавме и за нејзините допирни точки со алтернативната медицина.

И за суптилните допирни точки со животот.

Тука дознавме дека тие луѓе, кои природата како да ги создала за такви вештини, се занимаваат со светлосни терапии, лечебните кристали, медитации, биоенергетски техники, држат мини курсеви за јога, тај-чи, фенг шуи, со јасновидни и шамански способности... Сите тие уверуваа во вештините, во моќта на духот и на трансцеденталните можности. Љубопитните кои не им веруваа на хипнотизерите, за миг беа хипнотизирани.

Имавме време и за запознавање на ајурведата. Тоа ни беше превидено дури со туристичката програма. Ајурведата е стара феноменоална наука за одржување на телото во здравствена состојба, за исцелување преку алтернативни методи стари две илјади години. Ја споредуваат со нирваната, а се смета и за наука и за филозофија и за вештина за урамнотежување на телото, размуот и духот. Ги запознававме принципите на ведите, а учевме за себе.

И на тој начин учевме по нешто за животот, од книгата на животот.

Секој по нешто почна да вежба и да проверува што научил од вештините и мудростите од тој далечен свет. Јас најчесто пишував. Сакав нешто да запишам за книгата на животот.